# ТАРИФНИК ЗА ВИСИНА НА НАДОМЕСТОЦИ ЗА ВРШЕЊЕ ДЕЈНОСТИ И АКТИВНОСТИ ВО НАЦИОНАЛЕН ПАРК ШАР ПЛАНИНА, РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Февруари 2023 година

# Вовед

Според IUCN, „финансиската одржливост на заштитените подрачја може да се дефинира како способност да се обезбедат соодветни, постојани и долгорочни извори на финансирање и истите да се насочат благовремено и на соодветен начин, така што целосно ќе се покријат вкупните трошоци за заштитените подрачја и да се обезбеди ефективно и ефикасно управување на заштитените подрачја во поглед на зачувувањето и другите цели.“

Согласно ЗУ, со членот 66, став 1 утврдено е дека јавните установи стекнуваат средства за работа од буџетот на државата, буџетите на општините, од фондовите, непосредно од корисниците на јавните услуги, донации и од други извори. Членот 67 од ЗУ пак два можност јавната установа да стекнува средства за работа и со воведување на надоместоци и кофинасирање.

Сепак, треба да се има предвид дека одредбите на овој закон имаат супсидијарна примена и се применуваат доколку со друг закон поинаку не е уредено. Во случајот со ЈУНПШП, начинот на финансирање е регулиран со ЗЗП и тој има примарно значење за работењето на установата (lex-specialis), што значи дека националните паркови во Република Северна Македонија се финансираат согласно член 141-а од Законот за заштита на природата.

Член 141-а

Финансирање на јавната установа - Национален парк

Јавната установа - Национален парк се финансира од:

1) надоместок за влез и посета на национален парк;

2) надоместок за паркирање во национален парк;

3) надоместок за посета на посебни објекти во национален парк;

4) надоместок за собирање на диви видови растенија габи и животни и нивни делови и одржливо користење на природните ресурси (управување со шумските живеалишта и екосистеми во национални паркови и слично);

5) надоместок за престој во национален парк;

6) средства стекнати за вршење на активности согласно со членовите 105 и 106 од овој закон;

7) надоместок за вршење на дејност или активност во национален парк;

8) надоместок за пловидба во национален парк;

9) надоместок за употреба на лого на национален парк на производи и услуги за комерцијална употреба;

10) надоместок од екосистемски услуги;

11) Буџетот на Република Македонија;

12) буџети на единиците на локалната самоуправа на чие подрачје се наоѓа заштитеното подрачје и

13) други извори (донации, грантови, кредити, обновливи кредити, подароци, легати и друго).

Предложените цени за наплата во овој тарифник беа дискутирани и споредени со тарифниците на другите Национални паркови во Македонија, а се пониски во споредба со цените кои се наплаќаат за истите услуги во соседните држави (Србија, Црна Гора, Босна и Херцеговина, Словенија итн).

Предлог тарифникот ги класифицира надместоците во две главни групи, и тоа:

- ПРЕГЛЕД НА НАДОМЕСТОЦИ ЗА ПОСЕТА, ПРЕСТОЈ И АЛТЕРНАТИВНИ АКТИВНОСТИ ВО НАЦИОНАЛНИТЕ ПАРКОВИ
- ПРЕГЛЕД НА НАДОМЕСТОЦИ ЗА ВРШЕЊЕ НА ДЕЈНОСТИ И АКТИВНОСТИ ВО НАЦИОНАЛНИТЕ ПАРКОВИ

Во секоја од овие групи се вклучени надоместоци кои се во согласност со член 141-а од ЗЗП и истите се прикажани преку табели на сродни надоместоци по тринаесетте алинеи кои ги утврдува Законот за заштита на природата.

Надоместоците за користење дрвна маса и како и користење, собирање и откуп на лековити растенија, лишаи и габи (други шумски производи) за правни лица – откупувачи, се регулирани во посебни тарифници.

Табеларниот приказ подолу ги прикажува износите изразени во македонски денари за надоместоците кои се во согласност со ЗЗП или во проценти за одредени надоместоци. Секоја од табелите претставува група на надоместоци кои се распределени во согласност со 13-те алинеи на член 141-а од ЗЗП.

**ПРЕГЛЕД НА НАДОМЕСТОЦИ ЗА ПОСЕТА, ПРЕСТОЈ И АЛТЕРНАТИВНИ АКТИВНОСТИ ВО НАЦИОНАЛЕН ПАРК**

Согласно член 141-а, алинеја 1, наплата на надоместоците прикажани во табелата подолу.

| 1. Надоместок за влез и посета на национален парк | | | 2023 година |
|---|---|---|---|
| **Р.бр** | **Вид на надоместок** | **Износ** | |
| **1.1** | Дневен билет за посетител над 7 години | 30 | Не се наплаќа |
| **1.2** | Дневен билет за организирани групи над 15 лица | 20 | Не се наплаќа |
| **1.3** | Неделен билет за посетител | 150 | Не се наплаќа |
| **1.4** | Месечен билет за посетител | 300 | Не се наплаќа |
| **1.5** | Годишен билет за посетител | 1.000 | Не се наплаќа |

Согласно член 141-а, алинеја 2, врши наплата на надоместоците прикажани во табелата подолу.

| 2. Надоместок за паркирање во национален парк за 24 часа | | | 2023 година |
|---|---|---|---|
| **Р.бр** | **Вид на надоместок** | **Износ** | |
| **2.1** | Паркирање за мотор и автомобил | 50 | Се наплаќа |
| **2.2** | Паркирање за комбе и минибус до 20 седишта | 80 | Се наплаќа |
| **2.3** | Паркирање на за автобус над 20 седишта | 150 | Се наплаќа |
| **2.4** | Паркирање на ратрак надвор од заштитниот појас | 600 | Се наплаќа |
| **2.5** | Паркирање на АТВ и УТВ возила и моторни санки | 200 | Се наплаќа |

Согласно член 141-а, алинеја 3, врши наплата на надоместоците прикажани во табелата подолу.

| 3. Надоместок за посета на посебни објекти во национален парк | | | 2023 година |
|---|---|---|---|
| **Р.бр** | **Вид на надоместок** | **Износ** | |
| **3.1** | Надоместок за ноќевање во планински куќи (по кревет) | 100 | Се наплаќа |
| **3.2** | Посета на водопад (по лице) | 50 | Не се наплаќа |
| **3.3** | Посета на атрактивни и природно вредни делови и локалитети | | Не се наплаќа |
| **3.4** | Водич од Национален парк за 4 часа | 5.000 | Се наплаќа |
| **3.5** | Водич од Национален парк за 8 часа | 9.000 | Се наплаќа |

Согласно член 141-а, алинеја 5, врши наплата на надоместоците прикажани во табелата подолу.

| 4. Надоместок за престој во национален парк | | | 2023 |
|---|---|---|---|
| **Р.бр** | **Вид на надоместок** | **Износ** | |
| **5.1** | Надоместок за поставување на шатор по човек ( ноќевање) | 150 | Се наплаќа |
| **5.2** | Надоместок за поставување приколка или авто-кампер возило (ноќевање) | 600 | Се наплаќа |

**ПРЕГЛЕД НА НАДОМЕСТОЦИ ЗА ВРШЕЊЕ НА ДЕЈНОСТИ И АКТИВНОСТИ ВО НАЦИОНАЛНИТЕ ПАРКОВИ**

Согласно член 141-а, алинеја 7, врши наплата на надоместоците прикажани во табелата подолу.

| 5. Надоместок за вршење на дејност или активност во национален парк | | | 2023 година |
|---|---|---|---|
| **Р.бр** | **Вид на надоместок** | **Износ** | |
| **7.1** | Моторно возило по регистрирани патишта - по возило | 300 | Се наплаќа |
| **7.2** | АТВ – УТВ возила по регистрирани патишта - по возило | 200 | Се наплаќа |
| **7.3** | Крос мотори по регистрирани патишта - по возило | 150 | Се наплаќа |
| **7.4** | Ратрак на ден | од 6.000 | Се наплаќа |
| **7.5** | Моторни санки по регистрирани патишта - по возило | 300 | Се наплаќа |
| **7.6** | Алпинистички локалитети | 100 | Не се наплаќа |
| **7.7** | Организирање прошетки со коњи по уредени патеки (по коњ/ дневно) | 100 | Не се наплаќа |
| **7.8** | Снимање на долгометражни и сериски филмови- домашна продукција – по ден | 3.000 | Се наплаќа |
| **7.9** | Снимање на долгометражни и сериски филмови- странска продукција – по ден | 6.000 | Се наплаќа |
| **7.10** | Фотографирање на професионални фотографии за комерцијални потреби- домашна продукција или фотограф – по ден | 600 | Се наплаќа |
| **7.11** | Фотографирање на професионални фотографии за комерцијални потреби- странска продукција или фотограф – по ден | 1.200 | Се наплаќа |
| **7.12** | Снимање на видео спотови и реклами - домашна продукција – по ден | 1.500 | Се наплаќа |
| **7.13** | Снимање на видео спотови и реклами – странска продукција – по ден | 3.000 | Се наплаќа |
| **7.14** | Хотел со 5* по легло годишно | 600 | Се наплаќа |
| **7.15** | Хотел со 4* по легло годишно | 500 | Се наплаќа |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 7.16 | Хотел со 3* по легло годишно | 400 | Се наплаќа |
| 7.17 | Хотел со 2* по легло годишно | 300 | Се наплаќа |
| 7.18 | Хотел со 1* по легло годишно | 200 | Се наплаќа |
| 7.19 | Мотел по легло годишно | 200 | Се наплаќа |
| 7.20 | Апартман 5* по легло годишно | 180 | Се наплаќа |
| 7.21 | Апартман 4* по легло годишно | 160 | Се наплаќа |
| 7.22 | Апартман 3* по легло годишно | 140 | Се наплаќа |
| 7.23 | Апартман 2* по легло годишно | 120 | Се наплаќа |
| 7.24 | Апартман 1* по легло годишно | 100 | Се наплаќа |
| 7.25 | Студио по легло годишно | 80 | Се наплаќа |
| 7.26 | Соба | 60 | Се наплаќа |
| 7.27 | Ресторани и други угостителски објекти по $м^2$ годишно на користена површина | 20 | Се наплаќа |
| 7.28 | Трговски, производствени и услужни дејност $м^2$ површина/годишно | 10 | Се наплаќа |
| 7.29 | Викенд куќи и викенд станови по $м^2$ годишно | 10 | Се наплаќа |

Согласно член 141-а, алинеја 9, врши наплата на надоместоците прикажани во табелата подолу.

| 6. Надоместок за употреба на лого на национален парк на производи и услуги за комерцијална употреба | | | 2023 година |
|---|---|---|---|
| Р.бр | Вид на надоместок | Износ | |
| 9.1 | Годишен надоместок за користење на лого за трговец поединец/ индивидуални производители (во рамки на паркот) | 1.000 | Се наплаќа |
| 9.2. | Годишен надоместок за користење на лого за трговски друштва (во рамки на паркот) | 100.000 | Се наплаќа |
| 9.3 | Надоместок за поставување билборд во заштитен појас и (по $м^2$ годишно) | 300.000 | Се наплаќа |

Претседател на Управен одбор на Ј.У.Н.П Шар Планина,
Република Северна Македонија

Неби Реџепи

Јавна установа Национален парк Шар Планина
Република Северна Македонија

Institucioni publik Parku kombëtar Mali Sharr
Republika e Maqedonisë së Veriut

Јавна Установа НАЦИОНАЛЕН ПАРК ШАР ПЛАНИНА
Република Северна Македонија, Тетово
Institucioni Publik PARKU KOMBËTAR MALI SHARR,
Republika e Maqedonisë së Veriut, Tetovë
Бр./Nr. 0202 - 111/2
17.02. 2023 год./viti
ТЕТОВО - TETOVË

Врз основа на член 139 од Законот за заштита на природата (Службен весник на Република Македонија бр.67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16, 63/16, 113/18 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.151/21), и член 12 од Статутот на Јавната установа Национален Парк Шар Планина, Република Северна Македонија, Управниот одбор на Јавната установа Национален Парк Шар Планина на седницата одржана на 17.02.2023 година, донесе

## Одлука
## за донесување на Тарифник за висина на надоместоци за вршење дејности и активности во Национален Парк Шар Планина, Република Северна Македонија

### Член 1

Се донесува тарифник за висина на надоместоци за вршење дејности и активности во Национален Парк Шар Планина, Република Северна Македонија.

### Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на најзиното донесување.

### Образложение

Согласно член 139, од Законот за заштита на природата, управниот одбор на национален парк ја утврдува висината на надоместоците пропишани со членот 141-а на овој закон.

Согласно член 141-а од Законот за заштита на природата, Јавната установа - Национален парк се финансира од:

1) надоместок за влез и посета на национален парк;
2) надоместок за паркирање во национален парк;
3) надоместок за посета на посебни објекти во национален парк;

4) надоместок за собирање на диви видови растенија габи и животни и нивни делови и одржливо користење на природните ресурси (управување со шумските живеалишта и екосистеми во национални паркови и слично);
5) надоместок за престој во национален парк;
6) средства стекнати за вршење на активности согласно со членовите 105 и 106 од овој закон;
7) надоместок за вршење на дејност или активност во национален парк;
8) надоместок за пловидба во национален парк;
9) надоместок за употреба на лого на национален парк на производи и услуги за комерцијална употреба;
10) надоместок од екосистемски услуги;
11) Буџетот на Република Северна Македонија;
12) буџети на единиците на локалната самоуправа на чие подрачје се наоѓа заштитеното подрачје и
13) други извори (донации, грантови, кредити, обновливи кредити, подароци, легати и друго).

Согласно член 12 од Статутот на Јавната установа Национал Парк Шар Планина, Република Северна Македонија, Управниот одбор на Јавната установа Национален Парк Шар Планина ја утврдува висината на надоместоците за финансирање на дејноста на Ј.У.Н.П. Шар Планина.

Финансирање на дејноста на заштитените подрачја е од голема важност за да се обезбеди ефективно и ефикасно управување на заштитените подрачја во поглед на зачувувањето и другите цели на самата заштитено подрачје.

Согласно напред изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Ј.У.Н.П. Шар Планина
Претседател на Управен одбор

Неби Реџепи